АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА ОБЈАВЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ КОИ ИМАТЕЛИТЕ ОД СУДСКАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СЕ ОБВРЗАНИ ДА ГИ ОБЈАВАТ НА СВОИТЕ ВЕБ-ПОРТАЛИ



Скопје, мај 2024

СОДРЖИНА:


ВОВЕД: .... 3

ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ? .... 4

ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ: .... 5

ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ: .... 5

ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ: .... 5

РЕФЕРЕНТНА РАМКА: .... 6

РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ: .... 6

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ: .... 13

АНЕКС 1: .... 15

АНЕКС 2: .... 16

АНЕКС 3: .... 18

АНЕКС 4: .... 19


Автор: Оливер Серафимовски

# ВОВЕД:

Информациите од јавно значење им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации од одредени јавни институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни и транспарентни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Сите обврски на институциите да ја направат својата работа транспарентна важат и за институциите од судската власт. Судовите мора да ги штитат слободите и правата на граѓаните, правата и интересите на правните лица основани со закон и да обезбедат уставност и законитост. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а судовите се должни на граѓаните да им овозможат пристап до тие информации.

Општата цел на мониторингот беше да се согледа нивото на проактивната транспарентност на судската власт. Во овој извештај ги презентираме наодите од мониторингот кој го испитуваше степенот до кој основните, апелационите судови, како и Вишиот управен суд, Управниот суд, Врховниот суд и Судскиот совет на РСМ ги објавуваат информациите релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали во судовите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност.

# ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Кога имателите на информации од јавен карактер се отворени кон јавноста, граѓаните непречено дознаваат што и како работат органите на државната власт и другите установи и институции, во конкретниот случај судовите во РСМ. Со тоа им се овозможува рамноправно да учествуваат во јавниот живот и континуирано да го контролираат работењето на властите.

Проактивното објавување на информации од јавен карактер претставува законска обврска на сите иматели на информации од јавен карактер, самоиницијативно и континуирано на своите веб локации да ги објавуваат информациите за својата работа и делување, за носење одлуки, финансиите и за услугите кои ги даваат на граѓаните.

Целта за исполнување на обврската за проактивно објавување на информации се огледа во можноста граѓаните/барателите на информации да го остварат уставно загарантираното право на пристап до информации, преку давање на услугите на имателите на информации на едноставен и брз начин. Воедно, имателите на информации го добиваат потребниот легитимитет, бидејќи демонстрираат одговорност во своето работење, а со тоа ја враќаат довербата на граѓаните во институциите.

Со проактивното објавување на информациите од јавен карактер на имателите јасно им се утврдува законската обврска не само да одговараат на поднесените барања по однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, („Службен весник на РСМ" бр.101/2019), (во понатамошниот текст – Законот), туку и да објавуваат информации од јавен карактер на своите веб локации, како и оние кои не се побарани. Проактивното објавување на информации од јавен карактер е составен дел на правото на пристап до информации, со што се обезбедува клучните информации да се достапни навремено. Како што наведува Европскиот суд за човекови права, кој го признава како темелно човеково право, „информациите се менливи и секое нивно оддложено објавување, дури и за краток временски период, може да им ја намали нивната севкупна вредност и интересот за нив".

Голема предност на проактивното објавување на информации од јавен карактер, особено кога тоа се прави веднаш, е тоа што на имателите на информации им се отежнува можноста да го одрекуваат постоењето на информациите или да вршат манипулација со нив. Тоа значи дека на сите граѓани/баратели на информации од јавен карактер им се заштедува време,

пари и труд. Со начелото на еднаквост се овозможува остварување на ова право, исполнување на обврските, како и учество во политичките, општествените и економските процеси, а се со цел јакнење на довербата во институциите. Ниската проактивност на објавување на информации ја оневозможува јавноста да ја следи и контролира работата на имателите на информации.

## ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ:

Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер во случајот согласно одредбите на член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

## ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ:

Целта на мониторингот е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на судовите како иматели на информации од јавен карактер за проактивно објавување на 22-те категории на информации на нивните веб-страници. Тоа помага во реализирањето на надлежноста на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност. Исто така, мониторингот ќе придонесе за подобра идентификација на потребите за обука на службените лица кај имателите на информации.

## ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ:

Фреквенцијата на мониторингот може да биде еднаш годишно, на двегодишна основа или во подолг период, со цел да се обезбеди споредливост на резултатите и да се користат за идентификација на проблеми, потреби за обука и развој на стратегија, од тие причини мониторингот вреди да се спроведува доволно често.

# РЕФЕРЕНТНА РАМКА:

Референтна рамка за мониторинг е прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот за оваа група на иматели содржи 31 прашање и подпрашања. Во својата основа сите прашања до имателите на информации произлегуваат од членот 10 од ЗСПИЈК и преку наведените прашања имателите вршат самоевалуација на своите веб страници и нивната проактивност, односно дали и во колкава мера ги објавуваат потребните информации кои се од интерес на граѓаните.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно своите надлежности и согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Судскиот совет за зголемување на активната транспарентност на судовите во насока на доследно спроведување на одредбите од Законот за СПИЈК и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации, спроведе мониторинг на интернет страниците на основните, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд, Врховниот суд и Судскиот совет во врска со почитување на членот 10 од Законот.

Агенцијата изврши мониторинг на 35 иматели, односно на веб страниците на судовите, а објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Монитроингот беше спроведен во периодот од 15 април до 15 мај 2024 година. Одделението за соработка и анализи беше задолжено за мониторинг на веб страните за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.

Треба да напоменеме дека со Мониторингот не се прави анализа на содржините, односно на квалитетот на објавените информации.

Мониторингот беше спроведен согласно новата методологија имплементирана во соработка со надворешни експерти, ангажирани од ИПА II Проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрациија", чиј корисник е Агенцијата. Изготвениот прашалник содржи вкупно 31 прашање, а истите произлегуваат од членот 10 од Законот, а се во согласност со нивните надлежности. Некои од нив содржат едно или повеќе подпрашања, а

максималниот број на можни бодови изнесува 53. Имателите за објавените податоци добиваат 0, 0.5 и 1 бод, зависно од бројот и ажурираноста на објавените документи. Прашалникот беше дистрибуиран до имателите, од кои беше побарано сами да извршат евалуација на сопствената транспарентност.

Од страна на Судскиот совет прашалниците беа доставени до имателите на информации и во рокот предвиден за доставување на одговорите, 22 иматела одговорија на прашалниците, и во нив беа содржани линкови до конкретните документи како што беше побарано за потребите за мониторирање на веб страниците. Самоевалуација не спроведоа и не одговорија на прашалникот 13 иматели од мониторираната категорија на иматели. (Анекс 3: Доставени/недоставени прашалници за самоевалуација)

Проактивно објавените информации на имателите треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни за граѓаните и истите редовно да се ажурираат. Информацијата е предуслов за одговорна власт и основа за демократските процеси-информациите за работата на имателите им овозможуваат на граѓаните адекватно да донесуваат заклучоци и да партиципираат во носењето на одлуки за прашања кои се од нивен интерес. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.

Веб страниците на мониторираните иматели од судската власт се унифицирани, односно сите се идентични по својата содржина и линкови со информациите кои се објавуваат. Истите се ажурираат согласно нивните активности и ја имаат својата функција како прв информатор за граѓаните и услугите кои ги даваат. Но, треба да потенцираме дека кај најголем дел од веб страниците на имателите не се објавуваат податоците од нивните законски надлежности (Закон за судови и неговите измени и дополнувања) и не ги систематизираат информациите согласно членот 10 од Законот за СПИЈК. Исто така, сакаме да потенцираме дека несистематизираните информации создаваат забуна кај граѓаните, односно до информациите потешко се пристапува. Тоа значи дека веб страните треба да бидат лесно пристапни, а со тоа и информациите кои им се потребни на барателите и се согласно законската обврска за транспарентност на имателите на информации од јавен карактер. Оттука, апелираме до судските власти информациите да бидат со најмногу три клика достапни за користење на

граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани", тоа е максимата за транспарентна судска власт.

Во зависност од вкупниот број на бодови кои мониторираните иматели ги добиле по однос на објавените потребни документи и информации согласно членот 10 од Законот, направена е градација на степенот на исполнителност на законската обврска за нивната активна транспарентност, и тоа на следниот начин: иматели со многу ниско ниво на транспарентност кои имаат помеѓу 0 и 21 бод, со ниско ниво помеѓу 21,5 и 32 бода, иматели со средно ниво помеѓу 32,5 и 42 бода и со високо ниво на транспарентност од 42,5 до 53 бода. При тоа, во овој извештај беше утврдено дека само **два** од имателите имаат висок степен на транспарентност во однос на објавените информации од сите 35 мониторираните иматели, и тоа Основниот суд Кратово, кој и во 2022 година, беше единствениот имател кој тогаш беше оценет со средно ниво на транспарентност, како и Врховниот суд на РСМ, кој од ниско ниво на транспарентност во 2022 година, премина во категоријата на високо ниво на транспарентност. Мониторингот покажа дека **три** иматели имаат средно ниво на транспарентност, додека **21** имател е со ниско ниво, а **9** се со многу ниско ниво на исполнителност во однос на активната транспарентност.

Во овој извештај можеме да направиме и споредбена анализа на проактивната транспарентност на мониторираните иматели, согласно резултатите добиени со мониторингот во 2022 година. И тогаш и сега најдобро рангиран имател е Основниот суд Кратово, кој во однос на проактивно објавените информации на својот портал, има најмногу објавени информации согласно членот 10 од Законот за СПИЈК. Исто така, висок нагорен тренд на објавени информации бележи и Врховниот суд на РСМ. Основниот суд Гевгелија, Апелациониот суд Скопје, како и Основниот суд Прилеп во овој мониторинг покажаа средно ниво на транспарентност, за разлика од 2022 година, кога имаа ниско ниво на проактивно објавени информации. Сепак, треба да нагласиме дека овие иматели иако покажуваат поголема проактивна транспарентност, имаат се уште простор за уште повеќе своите информации да ги пласираат на проактивен начин со што нивната работа ќе ја доближат до граѓаните и останатите чинители во општественото дејствување. Пад во својата транспарентност имаат Апелациониот суд Битола, Основниот суд Охрид, Основниот суд Ресен и Основниот суд Берово. Треба да потенцираме дека стагнација, односно истоветна проактивна транспарентност во своето работење, покажуваат

Судскиот совет на РСМ и Управниот суд на РСМ. (**Анекс 2: Споредбена табела 2024/2022 година**)

Врз основа на мониторираните веб страници согласно методологијата и Прашалникот, во однос на првата група на прашања ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, добиени се следниве резултати и показатели за проактивната транспарентност на имателите: од вкупно 35 мониторирани иматели, иако на почетната страна имаат линк насловен Слободен пристап до информации, кој кај сите иматели е во долниот дел од веб порталите, само **седум** иматели имаат линкови кои се на видливо место на почетните страни и истите водат до делумни информации од Листата на информации и 22-те категории согласно членот 10 од Законот. Во однос на објавените анонимизирани барања/одговори за слободен пристап до информациите од јавен карактер, состојбата е следна: за 2021 година 7 иматели ги имаат објавено овие информации, 8 иматели ги поместиле информациите за 2022 година, а само 9 од вкупно 35 иматели ги објавиле овие податоци за 2023 година. Ги поттикнуваме имателите овие информации е да ги објават барањата/одговорите за слободен пристап до информации кои ги добиле и по кои постапиле во законскиот рок, со што идните баратели ќе ги запознаат со информациите кои биле побарани од имателите, а тие нема да ги поднесуваат истите барања за да ја добијат веќе дадената и добиена информација. На овој начин, службените лица ќе го намалат бројот на поднесени барања по основ на овој Закон, со тоа што барателот ќе го упатат на линкот од веб порталите каде се поместени добиените барања, а истовремено и по кои постапиле. Ова е една додадена вредност на проактивната транспарентност.

Податоци за својата надлежност имаат објавено 33 иматели, додека сите (35) мониторирани субјекти ги имаат објавено основните податоци за контакт со имателот на информацијата.

Податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата: биографија на веб страните имаат објавено 19 иматели, додека само 8 од мониторираните иматели објавиле податоци за контакт.

Од мониторингот може да заклучиме дека во линкот слободен пристап до информации, сите (35) иматели ги имаат објавено основните контакт податоци за службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер. Само **седумнаесет** иматели имаат објавено податоци за лицата за овластено заштитено внатрешно пријавување. Во однос на информациите

кои се однесуваат на список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, односно службен мејл, мониторингот покажа дека овој вид на информации имаат објавено само **седум** иматели, додека од 35 иматели, **шест** од нив ги имаат објавено службените телефонски контакти.

Во делот за појаснување на начинот на поднесување на барањето за пристап до информации (начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат), 7 од нив целосно го појаснуваат начинот на кој барателите можат да дојдат до бараните информации од јавен карактер, **девет** иматели делумно, а 19 од нив немаат појаснување на кој начин барателите можат да ги добијат информациите од јавен карактер. Тука треба да потенцираме дека имателите од своите портали треба да ги отстранат појаснувањата за Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер кој се однесуваат на Законот од 2006 година и неговите измени, бидејќи на тој начин даваат неточни податоци, односно ги наведуваат барателите на Закон кој веќе не е во сила.

Истата забелешка се однесува и на поместениот образец за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, од причина што дури 21 имател го имаат на своите портали образецот согласно Законот од 2006 година, додека 14 од нив образецот согласно важечкиот Закон од 2019 година.

Годишниот извештај за спроведување на Законот за СПИЈК го имаат поставено на своите веб портали 24 иматели за 2022 година, а 25 иматели за 2023 година. Објавувањето на Годишниот извештај на веб порталите е и законска обврска на службените лица согласно член 36 од Законот за СПИЈК.

Во однос на втората група на прашања, а кои се однесуваат на ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ, од мониторираните веб портали добиени се следниве резултати: во однос на објавените закони кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, оваа законска обврска од членот 10 од ЗСПИЈК, ја имаат објавено само 10 иматели со што граѓаните, односно барателите се оневозможени да се запознаат со основните информации за тоа по кој законски основ работат имателите од судската власт.

Во делот за Прописите што во рамките на својата надлежност во вид на подзаконски акт, кој 35 иматели ги имаат објавено, а кои се однесуваат на: правилникот за внатрешна организација, овој документ го имаат објавено

само 18 иматели, правилникот за систематизација на работните места на веб порталите го имаат поместено 20 иматели, додека правилникот за заштитено внатрешно пријавување го имаат објавено **седум** мониторирани иматели. Во делот на објавени уредби, наредби и упатства само **еден** имател има објавено ваква информација. Органограмот за внатрешна организација го имаат објавено на веб порталите 15 иматели од судската власт.

Информации од јавен карактер, согласно членот 10 од ЗСПИЈК, а кои се однесуваат на третата група на прашања насловена како ОПЕРАТИВНА, имателите објавуваат во поголем обем, но недоволно за да ја исполнат во целост проактивната транспарентност, односно во овој дел тие треба за граѓаните/барателите да објавуваат најголем број на информации, од причини што овој дел се однесува токму на нивната дејност и делокруг на работа.

Стратешки планови и програми за работа имат објавено **три** иматели. Годишни планови и програми за работа имаат на своите портали имаат поместено 14 иматели, 3 иматели обврската ја имаат објавено делумно, додека 18 иматели овој докумнет го немаат публикувано. Информации за Предлог на документи (предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии) на веб порталите имаат објавено само 4 иматели, **два** иматела делумно имаат публикувано ваков вид на информации, а 29 оваа обврска ја немаат исполнето. На веб порталите во делот каде имателите ги објавуваат извештаите за работата кои ги поднесуваат до надзорните органи, имаат поместено 23 иматели, 3 иматели имаат делумно информации, а 9 од нив немаат информации од оваа категорија на информации. Статистички податоци за својата работа имаат објавено 29 иматели, 2 иматела делумно и 4 иматели немаат публикувано податоци.

Информации за објавените акти и мерки кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот, мониторингот покажа дека 16 иматели овој вид на информации ги објавуваат на своите веб портали, **два** иматела делумно, додека 17 иматели немаат публикувано податоци. Линк во кој имателите ги објавуваат специфичните информации (пресудите) имаат 34 иматели, а само кај **еден** имател во моментот на мониторирање овој линк не беше активен. Во делот за објавени услуги кои ги даваат имателите на информации мониторингот покажа дека 28 иматели ги објавуваат овие информации на своите веб портали, а **седум** од нив немаат ваков тип на информации. Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти, имаат публикувано 17 иматели, **еден** делумно, а 17 немаат информации за овие информации.

Судските портали преку активни линкови и пристап до нив, кои ќе бидат исполнети со информации од нивниот делокруг на работење ќе овозможат граѓаните на брз и лесен начин да пристапуваат до информациите кои се од нивен интерес.

Во делот од прашањата кои се однесуваат на четвртата група БУЏЕТ, ФИНАСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ, имателите објавуваат недоволно информации, па така само 5 од вкупно 35 иматели го имаат објавено годишниот буџет за 2024 година, 7 иматели го имаат поместено буџетот за 2023 година, додека 5 иматели го публикувале буџетот за 2022 година.

Во делот кој се однесува на информации за завршните сметки, имателите имаат објавено поголем број информации, па за 2023 година 30 иматели ги имаат објавено овие информации, 28 иматели ја објавиле завршната сметка за 2022 година, додека 26 иматели објавиле податоци за сметката која се однесува за 2021 година.

Квартални финансиски извештаи за тековната година имаат поместено само три иматели, а за информации кои се однесуваат за извршена ревизија, како и за објавениот ревизорски извештај, само 4 иматели проактивно споделуваат податоци на своите веб портали.

Што се однесува до објавувањето на годишните планови за јавни набавки, овој документ го имаат поместено само 16 иматели, 2 иматела делумно, додека 17 немаат објавено информација за овој вид на информација. 11 иматели ги имаат објавено огласите за јавни набавки, како и известувањата за склучени договори. Овие информации ги немаат објавено 24 иматели. Имателите од судската власт, како и останатите иматели имаат законска обврска, освен на е-порталот за јавни набавки, да ги објавуваат овие информации и на своите веб портали.

Како и мониторингот од 2022 година и мониторингот од 2024 година покажа дека само еден имател има високо ниво на транспарентност, и тоа од средно ниво на транспарентност преминал во високо ниво. Согласно, Методологијата за мониторирање на имателите и членот 10 од Законот за СПИЈК имателите од судската власт се со просечно средно ниво на проактивна транспарентност, што значи дека кај овие иматели треба да се подигне свеста за објавување на информациите на нивните веб портали.

Агенцијата спроведувајќи го мониторингот утврди дека активната транспарентност кај имателите е се уште на ниско ниво. Имателите од судската власт треба да ја подобруваат и зајакнуваат што повеќе својата проактивност кон граѓаните и информациите кои ги публикува да ги поставува во посебен банер/линк под наслов ЛИСТА НА ИНФОРМАЦИИ/СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, со што истите ќе бидат достапни до барателите и на тој начин ќе го намалат бројот на барања по слободен пристап до информациите од јавен карактер. Треба да напоменеме дека имателите од судската власт на своите веб портали имаат поставено линк насловен СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, но истиот треба да го прилагодат согласно членот 10 од Законот и своите надлежности и во иститот да ги излинкуваат потребните информации кои ги имаат објавено во посебни линкови на веб страните. На тој начин, барателите на информации на брз и едноставен начин ќе можат да пристапат до информациите кои се од нивен интерес.

И во иднина, на обуките кои Агенцијата континуирано ги организира за службените лица кај имателите на информации ќе даде акцент на активната транспарентност и доследна примена на членот 10 од Законот за СПИЈК, бидејќи на тој начин имателите им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што со својата надлежност им ги нуди судската власт.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

Резултатите од мониторингот укажуваат дека веб порталите на имателите од судската власт ја применуваат проактивната транспарентност, но на ниво кое од нив бара понатамошно унапредување на праксата на активно објавување на информациите од јавен карактер.

Кај 35 мониторирани веб портали, најзабележително е дека судовите немаат практика на почетната страна да ги објавуваат информациите во посебен банер ЛИСТА НА ИНФОРМАЦИИ/СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ со што пристапот до истите ќе биде многу побрз и поедноставен.

Најзабележителен недостаток е дека немаат пракса на објавување на анонимизирани барања/одговори за слободен пристап до информациите од јавен карактер, со што би го намалиле бројот на барања за информации кои се од интерес за барателите. Исто така, мал број на иматели ги објавуваат законите по кои работат и се од нивна надлежност. Оваа пракса во иднина ќе треба да ја надминат и да ги постават на страните со што граѓаните ќе можат да пристапат до истите.

Судовите ги објавуваат податоците за лицата кои посредуваат со информациите од јавен карактер, но потребно е да го поместат Образецот за Барање согласно Законот од 2019 година. Со објавувањето на образецот од 2006 година создаваат забуна кај потенцијалните баратели на информации.

Во иднина, имателите треба да го поместуваат, односно објавуваат и Годишниот извештај кој го доставуваат до Агенцијата на веб страните согласно член 36 од Законот, со што ќе ја исполнат закоинската обврска.

На веб порталите недостасуваат и податоците за внатрешната организација, систематизацијата на работните места, како и објавување на стратешки планови, програми и други документи кои се однесуваат на нивното работење.

Најмногу недостасуваат информации кои се однесуваат на финансиското работење, односно буџетите на судовите, како и објавувањето на информациите од јавните набавки кои ги спроведуваат и се должни да ги објавуваат на веб страните со линк од страната на електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки.

Мониторингот покажа дека имателите од судската власт треба да објавуваат што повеќе информации за својата работа на проактивна основа. Со тоа ќе го зголемат задоволството на граѓаните/барателите на информации, ќе влијаат на намалување на бројот на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на барателите до нив, а со тоа ќе се намали и бројот на жалби против судовите доставени до Агенцијата.

# АНЕКС 1:

| МОНИТОРИРАНИ ИМАТЕЛИ: | БОДОВИ: | |
|---|---|---|
| Основен суд Кратово | 50,5 | ВИСОКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| Врховен суд на РСМ | 44 | |
| Основен суд Гевгелија | 39,5 | СРЕДНО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| Апелационен суд Скопје | 37,5 | |
| Основен суд Прилеп | 36,5 | |
| Виш Управен суд на РСМ | 35 | НИСКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| Апелационен суд Штип | 34 | |
| Основен суд Крушево | 31 | |
| Основен суд Неготино | 30 | |
| Основен граѓански Скопје | 29,5 | |
| Основен суд Струга | 29 | |
| Основен суд Кочани | 28,5 | |
| Основен суд Крива Паланка | 28,5 | |
| Управен суд на РСМ | 28 | |
| Основен суд Штип | 27,5 | |
| Основен суд Кичево | 26 | |
| Апелационен суд Гостивар | 25 | |
| Основен суд Струмица | 25 | |
| Основен суд Виница | 25 | |
| Судски совет на РСМ | 25 | |
| Основен суд Дебар | 24,5 | |
| Основен суд Битола | 24,5 | |
| Основен суд Кавадарци | 24 | |
| Основен суд Велес | 24 | |
| Основен суд Тетово | 23 | |
| Апелационен суд Битола | 22 | |
| Основен суд Свети Николе | 21 | МНОГУ НИСКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| Основен кривичен суд Скопје | 20 | |
| Основен суд Охрид | 19 | |
| Основен суд Делчево | 18 | |
| Основен суд Радовиш | 18 | |
| Основен суд Ресен | 18 | |
| Основн суд Куманово | 18 | |
| Основен суд Гостивар | 16,5 | |
| Основен суд Берово | 11 | |

# АНЕКС 2:

## СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА
## 2024 / 2022

| ИМАТЕЛИ: | 2024 бодови: | 2022 бодови: | Споедбени резултати | | Промена во транспарентноста |
|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Кратово | 50,5 | 31,5 | 19 | ↑ | средна во висока |
| Управен суд на РСМ | 28 | 28 | 0 | ↔ | |
| Основен суд Гевгелија | 39,5 | 27,5 | 12 | ↑ | ниска во средна |
| Основен суд Неготино | 30 | 27,5 | 2,5 | ↑ | |
| Апелационен суд Битола | 22 | 27,5 | -5,5 | ↓ | |
| Основен суд Кочани | 28,5 | 26,5 | 2 | ↑ | |
| Виш Управен суд на РСМ | 35 | 25,5 | 9,5 | ↑ | |
| Основен суд Крушево | 31 | 25,5 | 5,5 | ↑ | |
| Судски совет на РСМ | 25 | 25 | 0 | ↔ | |
| Врховен суд на РСМ | 44 | 24,5 | 19,5 | ↑ | ниска во висока |
| Апелационен суд Штип | 34 | 24,5 | 9,5 | ↑ | |
| Основен граѓански Скопје | 29,5 | 24,5 | 5 | ↑ | |
| Основен суд Свети Николе | 21 | 24,5 | -3,5 | ↓ | ниска во многу ниска |
| Апелационен суд Гостивар | 25 | 23,5 | 1,5 | ↑ | |
| Основен суд Охрид | 19 | 23,5 | -4,5 | ↓ | ниска во многу ниска |
| Апелационен суд Скопје | 37,5 | 23 | 14,5 | ↑ | ниска во средна |
| Основен суд Прилеп | 36,5 | 22,5 | 14 | ↑ | ниска во средна |
| Основен суд Кичево | 26 | 22,5 | 3,5 | ↑ | |
| Основен суд Виница | 25 | 22,5 | 2,5 | ↑ | |
| Основен суд Крива Паланка | 28,5 | 21,5 | 7 | ↑ | |
| Основен суд Дебар | 24,5 | 21,5 | 3 | ↑ | |
| Основен суд Ресен | 18 | 21,5 | -3,5 | ↓ | ниска во многу ниска |
| Основен суд Гостивар | 16,5 | 21,5 | -5 | ↓ | ниска во многу ниска |
| Основен суд Штип | 27,5 | 20,5 | 7 | ↑ | |
| Основен суд Струмица | 25 | 20,5 | 4,5 | ↑ | |
| Основен суд Тетово | 23 | 20,5 | 2,5 | ↑ | |
| Основен суд Битола | 24,5 | 18,5 | 6 | ↑ | многу ниска во ниска |
| Основен кривичен суд Скопје | 20 | 18,5 | 1,5 | ↑ | |
| Основен суд Струга | 29 | 17,5 | 11,5 | ↑ | многу ниска во ниска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Велес | 24 | 17,5 | **6,5** | ↑ | многу ниска во ниска |
| Основен суд Кавадарци | 24 | 17,5 | **6,5** | ↑ | многу ниска во ниска |
| Основен суд Делчево | 18 | 17,5 | **0,5** | ↑ | |
| Основен суд Куманово | 18 | 16,5 | **1,5** | ↑ | |
| Основен суд Радовиш | 18 | 16,5 | **1,5** | ↑ | |
| Основен суд Берово | 11 | 16,5 | **-5,5** | ↓ | |

**Транспарентност**

| Транспарентност |
|---|
| многу ниска |
| ниска |
| средна |
| висока |

## АНЕКС 3:

ДОСТАВЕНИ/НЕДОСТАВЕНИ ПРАШАЛНИЦИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| **Основен суд Кратово** | **ДОСТАВЕН** |
| **Врховен суд на РСМ** | **ДОСТАВЕН (со 20 дена доцнење)** |
| **Основен суд Гевгелија** | **ДОСТАВЕН** |
| **Апелационен суд Скопје** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Прилеп** | **ДОСТАВЕН** |
| **Виш Управен суд на РСМ** | **ДОСТАВЕН** |
| **Апелационен суд Штип** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Крушево** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Неготино** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен граѓански Скопје** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Струга** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Кочани** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Крива Паланка** | **ДОСТАВЕН** |
| **Управен суд на РСМ** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Штип** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Кичево** | **ДОСТАВЕН** |
| **Апелационен суд Гостивар** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Струмица** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Виница** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Судски совет на РСМ** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Дебар** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Битола** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Кавадарци** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Велес** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Тетово** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Апелационен суд Битола** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Свети Николе** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен кривичен суд Скопје** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Охрид** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Делчево** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Радовиш** | **ДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Ресен** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основн суд Куманово** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Гостивар** | **НЕДОСТАВЕН** |
| **Основен суд Берово** | **НЕДОСТАВЕН** |

# АНЕКС 4:

СПИСОК НА КАТЕГОРИИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ: СУДСКА ВЛАСТ

| |
|---|
| Прва група ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ |
| 1.Дали на почетната страна ја имате објавено листата на информации? |
| 2. Дали на веб страната ги имате објавено анонимизирано барањата/ одговорите за слободен пристап до информациите од јавен карактер? |
| 2021 |
| 2022 |
| 2023 |
| 3.Податоци од вашите надлежности? |
| 4. Основните податоци за контакт со имателот на информација и тоа |
| 4.1. назив |
| 4.2 адреса |
| 4.3 телефонски број |
| 4.4 е-маил адреса |
| 4.5 адресата на интернет страната |
| 5.Податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата |
| 5.1 биографија |
| 5.2 податоци за контакт |
| 6. Осн.податоци за контакт со службено лице за посредување со информации и тоа |
| 6.1 име и презиме |
| 6.2 е-маил адреса |
| 6.3 телефонски број |
| 7.Основни податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа |
| 7.1 име и презиме |
| 7.2 е-маил адреса |
| 7.3 телефонски број |
| 8. Список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција |
| 8.1 службен е-маил |
| 8.2 службен телефон |
| 9. Појаснување на начинот на поднесување на барањето за пристап до инф.(начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат)? |

| |
|---|
| 10. Поставен образец за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 11.Од која година го имате поставено годшниот извештај за пристап до инф. од јавен карактер |
| 2022 |
| 2023 |
| Втора група ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ |
| 12. Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации |
| 13. Прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт |
| 13.1 правилник за внатрешна организација |
| 13.2 правилник за систематизација на работните места |
| 13.3 правилник за заштитено пријавување |
| 13.4 уредби /наредби / упатства |
| 14. Органограм за внатрешна организација |
| Трета група ОПЕРАТИВНА |
| 15. Стратешки планови за работата на имателите на информации |
| 16. Стратегии за работата на имателите на информации |
| 17. Годишни планови и програми за работа |
| 18. Дали се поставени на веб страната предлог на документи ( предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии) |
| 19. Дали се објавени извештаите за работа кои ги поднесувате до надзорните органи |
| 20. Статистички податоци за работата, како и други информации |
| 21. Објавени акти и мерки и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации |
| 22. Посочете линкови каде ги објавувате специфичните информации (пресудите) за вашата институција |
| 23. Дали се објавени видовите услуги кои ги даваат имателите на информации |
| 24. Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти |
| Четврта група БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ |
| 25. Годишен буџет за последните три години |
| 2024 |
| 2023 |
| 2022 |
| 26.Завршна сметка за последните три години |
| 2023 |
| 2022 |
| 2021 |
| 27.Квартални финансиски извештаи за тековната година |
| 28. Дали е извршена ревизија на вашата институција |

| |
|---|
| 28.1  Дали е објавен ревизорскиот извештај |
| 29. Дали е објавен годишниот план на јавни набавки |
| 30. Дали се објавуваат огласите за јавни набавки |
| 31. Дали се објавува известувањето за склучен договор |
| 32.Прашалник за самоевалуација |